Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, земал абдест миејќи ги деловите од телото по еднаш

Од Ибн Абас, радијаллаху анхума, се пренесува дека рекол: Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, земал абдест миејќи ги деловите од телото по еднаш.
[رواه البخاري] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, понекогаш, кога се абдестел, го миел секој од деловите на абдестот по еднаш: лицето – вклучувајќи го плакнењето на устата и вшмукувањето (внесувањето) вода во носот – рацете и нозете, по еднаш. Ова е минималната обврска во абдестот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65081